Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Министерство за здравство

Бр. ______________

________________год.

ул. 50та дивизија бр. 6
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел: (02) 3112500
Факс: (02) 3113014

Сајт: www.mon.gov.mk

**ДО: ПЗУ - избрани лекари, ЈЗУ Здравствени домови, ЈЗУ Општи болници**

**Предмет: УКАЖУВАЊЕ**

Почитувани,

Министерството за здравство изврши анализа на добиените податоци од системот Мој термин а во врска со фрекфенцијата на упатувањата поврзани со дијагнозата **H10 - конјуктивитис,** состојба за која избраните лекари се целосно компенетни да ја дијагностицираат и третираат без интервенција од страна на специјалист офталмолог, констатираше дека бројот на упати кон специјалист за оваа дијагноза е непотребно висок.

Во контекст на напорите и активностите на Министерството за здравство за надминување на состојбата на зголемено упатување на пациентите кон специјалист, Министерството за здравство во консултации со работна група составена од ФЗО, избрани лекари и специјалисти офталмолози донесе одлука за воведување на следната мрека:

1. **Избраните лекари да го спроведуваат дијагностицирањето и третманот на пациените со дијагноза H10 - конјуктивитис исклучиво на примарно ниво.**

За таа цел, системот Мој термин нема да овозможува креирање упат кон специјалист со упатна дијагноза H10 - конјуктивитис.

Во случаи каде покрај знаците и симптомите кои јасно укажуваат на конјуктивитис, постојат и дополнителни знаци и симптоми кои наведуваат на друга офталмолошка состојба за која е потребно да се инволвира специјалист офталмолог, како на пример:

- Осетливост на светлина
- Болна осетливост при притисок
- Намалена видна острина
- Корнеја која е заматена, точкеста или со улцерации

Министерство за здравство

Бр. ________________

________________год.

ул. 50та дивизија бр. 6
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел: (02) 3112500
Факс: (02) 3113014

Сајт: www.mon.gov.mk

- Тесна или деформирана пупила и др,

упатот кон специјалист да се креира со упатна дијагноза соодветна на симптомите, пр. иритис, кератитис, еипсклеритис, акутен глауком и сл.

Со почит,

ДН:
- Архива
- именуваните

**М и н и с т е р**

**Никола Тодоров**

Изготвил: Никола Грпчевски